Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на ден од дневни настани 29.12.2022

На 28.12.2022 во 12.30 часот на плоштад во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го приведе Ш.З.(50) од Тетово затоа што кај него биле пронајдени и одземени околу 560 парчиња разновидни пиротехнички средства. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следи соодветен поднесок по чен 69 став 1 од Законот за заштита од експлозивни материи.

На 28.12.2022 на ул.„Филип Втори Македонски" во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола ги лишиле од слобода Д.Р.(30), U.P.(33), Д.Б.(34) и Ф.М.(41), сите од Битола. Тие биле затекнати како вршат продажба на разновидни пиротехнички средства. Пиротехничките средства биле одземени,а лицата биле задржани во полициска станица. По документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 28.12.2022 во 15.30 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Б.Т.(57) од Охрид. Тој бил затекнат на ул.„Јане Сандански" во одлив насилно да ја отворил возачката врата на патничко возило „волво" со охридски регистрациски ознаки, сопственост на С.С. од Охрид, и да извршил кражба. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе бидат поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2022 во 01.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар ја лишиле од слобода М.А.С.(45) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2022 во 21.50 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(24) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2022 во 21.10 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ж.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2022 во 21.15 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Н.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2022 во 21.00 часот во Радовиш, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш ги лишиле од слобода Б.Д.(30) и Ц.Д.(34), двајцата од Радовиш, затоа што кај нив биле пронајдени и одземене марихуана и таблети. По целосно документирање на случајот, против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2022 на ул.„Кузман Јосифовски" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола ги лишиле од слобода З.С.(26) и Д.А.(38), двајцата од Битола, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.12.2022 во 23.05 часот во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево ги лишиле од слобода С.Ф.(18) од с.Колибари, кичевско и А.Р.(21) од с.Ново село, кичевско, затоа што при преглед кај нив, кај С.Ф. била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2022, полициски службеници од Полициската станица Битола го лишиле од слобода Ѓ.П.(25) од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (28.12.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со бројна поголема да дозволената, при што санкционираше 253 возачи. Од ним 10 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 141 возило ја пречекорило брзината во населено место, а 112 надвор од населено место.

На 28.12.2022 во 13.15 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Јажинце-Тетово, во тетовско Џепчиште, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ѓиа" со швајцарски национални ознаки, управувано од Р.Е.(61) од тетовско Теарце и патничко возило „ѓиат панда" со тетовски регистрациски ознаки, управувано од А.А.(40) од тетовско Слатино. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобили возачот од патничкото возило „ѓиат панда", констатирани во Клиничка болница Тетово. По овластување на Јавен обвинител, увид на местото извршила увидна екипа на СВР Тетово.

На 28.12.2022 во 20.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека на регионалес пат помеѓу селата Куклиш и Свидовица, струмичко, С.Ц.(21) од село Габрово, управувајќи патничко возило „мерседес" со струмички регистрациски ознаки, изгубила контрола и со возилото удрила во банкина. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.Ц., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 28.12.2022 во 07.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на регионалниот пат Куманово-Скопје, во атар на С.Ѓурѓовдар, кумановско, патничко моторно возило „фолксваген шаран" со кумановски регистрациски ознаки, управувано од Р.А.(45) од Куманово, изнетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Општа болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 28.12.2022 во 19.20 часот во Полициската станица Центар, Е.С.(46) од Скопје пријавила дека во круг0т на Комплексот клиники „Мајка Тереза" била касната од куче скитник.

На 28.12.2022 во 14.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, И.В.(34) од Скопје пријавила дека на ул.„Пушкинова" била касната од куче скитник.

На 28.12.2022 во 14.50 часот на пазарот во нас.Драчево - Скопје, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода С.Е.(51) од Скопје. При контрола на неговата тежа биле пронајдени и одземени 1150 парчиња разновидни пиротехнички средства. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2022 во периодот од 17.00 до 21.00 часот, при преземање службени задачи, полициски службеници од СВР Тетово на плоштадот во Тетово, на влез во градски центар, пронашле околу 4100 парчиња разновидни пиротехнички средства. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 28.12.2022 во 22.20 часот кај место викано „Дупки", при преземање службени дејствија, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Блаце при Регионалниот центар за гранични работи Север пронашле 940 парчиња разновидни пиротехнички средства. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.12.2022 во 17.30 часот на крстосница од булевар „Маршал Тито" со булевар „Видое Смилевски Бато" во Тетово, полициски службеници од Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово го приведе И.А.(59) од Тетово. При прегледа во патничко возило „мерседес" со тетовски регистрациски ознаки, кое го управувал.Лицето биле пронајдени две вреќи со цигари за кои не поседувал документација. Лицето било задржано во полициска станица и по документирање на случајот, против него ќе следи соодветен поднесок.

На 28.12.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со бројна поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 11 прекршоци, од кои 10 во населено место и 1 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 20 други видови на прекршоци, од кои 3 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 6 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за неисправнеи сигурносен појас, 1 за непропишо преститурвање и 5 за непропишо паркирање.

На 28.12.2022 во 21.20 часот во угостителски објект во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги приведе А.Т.(48), А.Т.(26) и М.Т.(27), сите од Битола, затоа што се однесувале агресивно кон советници од Совет на општина Битола и се обиделе физички да нападнат дел од нив. Тие, исто така, се однесувале агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2022, полициски службеници од СВР Штип ги лишиле од слобода О.У.(24), Б.У.(28), Ф.Ш.(20) и 17-годишен малолетник, сите од Штип. Тие се сомничат дека на 27.12.2022 околу 17.30 часот со употреба на сила внесле 17-годишен малолетник од Штип во патничко моторно возило „сеат", по што во близина на место викано „Мирјанина Џеках" во Штип физички го нападнале, при тој употребиле и тврд предмет. Исто така, тие се сомничат дека во текот на денот со употреба на сила го внесле и М.Ј.(19) од Штип во возило „сеат толедо", а подоцна во С.Шавашварија, штипско, физички го нападнале и му нанеле тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 28.12.2022 во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево ги лишиле од слобода А.Р.(42) од Кичево затоа што околу 20 часот во Медицинскиот центар Кичево физички го нападнал С.Т.(47), кој бил на работното место. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (29.12.2022) околу 04.00 часот на подрачје на Центар – Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар ги лишиле од слобода М.С.(26) од Скопје затоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2022 во 17.50 часот во Прилеп, полициски службеници од Полициската станица Прилеп ги лишиле од слобода Е.А.(33) и С.А.(52), двајцата од Прилеп. Е.А. се сомнини дека во текот на денот извршил облуда врз 63-годишна жена од Прилеп, додека С.А. дозволил пред него во неговиот дом да биде извршена облубата врз жената која ја познава од претходно. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2022 околу 02.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во плац за продажба на автомобили на ул.„Александар Ѓудревски" настанал пожар во патничко возило „ауди Q7" со скопски регистрациски ознаки и патничко возило „ауди а8" со скопски регистрациски ознаки, сопственост на М.Љ.(55) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 28.12.2022, полициски службеници од СВР Кавадарци го лишиле од слобода Б.С.(46) од општина Чешиново-Облешево затоа што во С.Сирково, кавадарско, во неколку наврати се самозадоволувал пред случајни минувачи. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.И.(38) од село Спатино, тетовско, поради постоечке основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 01.07.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на приграбениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против З.Ј.(41) од село Горно Јаболчиште, велешко, поради постоечке основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 13.08.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на приграбениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Штип поднесе кривична пријава против 17-годишен малолетник од Штип поради постоечке основи на сомнение за сторени кривични дела „тешка кражба" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" и против М.М.(22) од Штип поради постоечке основи на сомнение за сторени кривични дела „прикривање" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 19.10.2022, малолетникот извршил „тешка кражба" во патничко возило „сузуки", при што одзел ранец во кој имало пари, лични документи, пиштол „Застава м-57 ХРОМ" калибар 7,62 мм со две полни рамки и кутија во која имало 18 куршуми, по што наредниот ден пиштолот го продал на М.М., кој знаел дека потекнува од кривично дело.

Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе кривична пријава против Ш.Г.(27) од село Отљанци, скопско и против Д.К.(48) од Куманово поради постоечке основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 29.09.2022 на автопатот А1, во правец Демир Капија-Неготино, кај клупка Демир Капија, полициски службеници извршиле претрес на патничко возило „ford transit" со скопски регистрациски ознаки, кое го управувал Ш.Г., а сопатник бил Д.К., при што пронашле 14 лица - мигранти од Сирија.

СВР Штип поднесе кривична пријава против П.С.(31) од Струга поради постоечке основи на сомнение за сторени кривични дела „измама", „злоупотреба на лични податоци" и „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски системи" и против А.К.(39) од Скопје поради постоечке основи на сомнение за сторени кривични дела „помагање" во форма со „измама", „злоупотреба на лични податоци" и „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски системи". Пречорениот, на 01 и 02 октомври 2021 година, со лажно прикажување на факти, искористил лични податоци на друго лице и во четири наврати во негово име електронски аплицирал за кредит на веб страни на четири финансиски друштва, од каде му биле одобрени средстава од вкупен износ од 97.000 денари. По ова, П.С. ги употребил средствата од платежната картичка на лицето и извршил 16 успешни трансакции кон домашни и странски правни лица. Второприграбената А.К. се преттставала и потпишувала во друго име при вршењето на наречките и приемот на производите кои потекнуваат од горенаведените кривични дела и притоа дел ги задржувала за себе, а дел ги предавала на првоприграбениот.

Денеска (29.12.2022), во 00.50 часот во Полициската станица Центар было пријавено дека во близина на угостителски објект на подрачје на Центар бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.М.(37) и А.В.(42), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (29.12.2022) во 02.05 часот во СВР Скопје, З.М.(28) од Скопје пријавил дека пред угостителски објект на подрачје на Кисела Вода, по претходно недоразбирање, тој и А.Р.(30) од Скопје биле физички нападнати од И.Б.(46) од с.Стајковци, скопско и К.Т.(20) од с.Инџиково, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (29.12.2022) во 02.00 часот во Полициската станица Карпош, М.Ц(44) од Скопје пријавила дека на 28.12.2022 околу 22.25 часот во зграда на подрачје на Карпош, по претходна расправија, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.12.2022 во 18.15 часот во Полициската станица Бит Пазар, К.Б.(34) од Скопје пријавил дека на подрачје на подрачје на Бит Пазар неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.12.2022 во 14.25 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, С.А.(41) од Скопје пријавила дека на подрачје на Шуто Оризари, поради претходно недоразбирање, била физички нападната од нејзиниот сосед Б.К.(19). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.12.2022 во Полициското одделение Шуто Оризари, Б.Ш.(46) од Скопје пријавил дека во основно училиште на подрачје на Шуто Оризари, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу него од една и Ц.Ј.(36) и Т.С.(54), двајцата од Скопје, од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.



Овој услуг е овластен да веб страницата на МВР е хостиран по чен 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Даме Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (02) 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Unet